Врз основа на член 51 став (9) од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 74/24 и 208/24), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ВИНО, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ВИНО**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на увозници на вино, како и формата и содржината на образецот на барањето за запишување во Регистарот на увозници на вино.

Член 2

(1) Регистарот на увозници на вино се води во електронска форма, по азбучен ред на општините каде што се наоѓа седиштето на увозниците на вино.

(2) Формата и содржината на Регистарот од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Заради ажурирање на евиденцијата во Регистарот на увозници на вино, увозниците на вино ги пријавуваат промените на податоците во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена од нивното настанување.

Член 4

(1) Барањето за запишување во Регистарот на увозници на вино се поднесува на образец, во А4 формат, на хартија во бела боја во хартиена форма или во електронска форма.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на увозници на вино, формата и содржината на образецот на барањето за запишување во Регистарот на увозници на вино како и потребната документација за упис во Регистарот на увозници на вино („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/13).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 37-5513/1
28.04.2025 година

**Министер за земјоделство,**
**шумарство и водостопанство ,**

Скопје Цветан Трипуновски, с.р.

**Прилог 1**

**Регистар на увозници на вино**

| Реден бр. | Општина каде што се наоѓа седиштето на увозникот на вино | Архивски број на решението за упис во Регистарот на увозници на вино | Датум на решението за упис во Регистарот на увозници на вино | Назив на увозникот на вино | Седиште на увозникот на вино | Адреса на главниот капацитет за чување на вино на увозникот на вино | ЕМБС на увозникот на вино | Име и презиме на одговорното лице во правното лице-увозник на вино | Телефонски број на увозникот на вино | е-маил адреса на увозникот на вино |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

**Прилог 2**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**БАРАЊЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ВИНО**

Назив на правното лице кое е регистрирано за вршење трговска дејност:

__________________________________________

Седиште на правното лице: __________________________________________

Адреса на главниот капацитет за чување на вино на правното лице:
(доколку е различна од адресата на седиштето) __________________________________________

ЕМБС на правното лице:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |

Име и презиме на одговорното лице во правното лице: __________________________________________

Телефонски број __________________________________________

е-маил адреса __________________________________________

____________________
(место)

Подносител
____________________
(потпис)

____________________
(датум)